РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-12
23.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: [redacted]

За: [redacted]

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја разгледа Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/12 од 22.06.2026 година) во врска со онлајн медиумот [redacted] во која посочувате објава на овој медиум за која велите дека е „базирана на конструкција на лаги, клевети, халуцинации и фантазмагории“ од новинарка од Бугарија и барате од Агенцијата соодветно да реагира.

Објавената содржина на онлајн медиумот [redacted] со наслов „[redacted] *Канал 5 со години ги штити интересите на власта и ја гуши слободата на говорот?“* претставува преземена содржина од бугарскиот онлајн медиум Actualno.com, на којшто првично е објавено видео-интервјуто со новинарката [redacted] Објавената вест всушност пренесува дел од ставовите и коментарите изнесени во тоа интервју.

Согласно последните измени и дополнувања на Законот за медиуми од 29.04.2025 година, издавачите на онлајн медиуми-интернет портали, по исполнување на условите пропишани во член 5 од Законот за медиуми, **на доброволна основа доставуваат пријава за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали**[1] кој го води Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Онлајн медиумот www.vestimak.mk досега нема поднесено пријава за упис во Регистарот, оттаму Агенцијата нема законска надлежност да изврши административен надзор врз работењето на медиумот во поглед на обврските за објава на импресум.

Дополнително, **Законот за медиуми не предвидува можност за содржинска анализа на објавите преку спроведување програмски надзор врз издавачите на онлајн медиуми-интернет портали**. Напротив во член 1 став 2 од Законот изрично е наведено дека: *„Предмет на овој закон не се содржините што се објавуваат во медиум и ниту една одредба од овој закон не смее да се толкува на начин што ќе значи регулација на содржините“*.

Доколку сметате дека објавениот текст содржи елементи на клевета или навреда насочени кон Вас или кон [redacted] согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, имате право да поведете соодветна постапка за заштита на Вашите права пред надлежниот граѓански суд.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

Во насока на понатамошно постапување, Вашата претставка ќе биде проследена до саморегулаторното тело – Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), чија Комисија за жалби разгледува претставки поврзани со етичкото известување и професионалните стандарди во медиумите, вклучително и за онлајн медиумите.

Повеќе детали за поднесената претставка и за одговорот, се достапни на веб страницата на Агенцијата https://avmu.mk/gragjani/.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

[1] Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали е достапен на: https://shorturl.at/VWeCl